# Упатство за конекција кон **eduroam** од уреди со помала верзија од Android 4.3

Доколку користите уред која има верзија помала од  4.3 (Jellybean),  следете ги инструкциите дадени на странава.

## Чекори за конфигурација на Google Android 4.2 (или постари уреди)




(Android уредите варираат и процесот може да се разликува во зависност од вашиот уред)

1. Се избира опцијата за прикажување на  Wi-Fi опциите: **Settings > Wireless Controls > Wi-Fi Settings**

**Забелешка**: Доколку првпат се конектирате на оваа мрежа, ќе бидете прашани за зачувување на лозинката со опцијата 'set a password for credential storage'. Ова е локална лозинка која се зачувува на телефонот и не е поврзана со лозинката за најава на CAS. Доколку сте внеле лозинка која е заборавена, последователно внесувајте погрешни лозинки, игнорирајќи ги пораките за предупредување. Потоа ќе ви се даде опција за внес на нова лозинка која може да се користи за конекција кон **eduroam**.

2. Се избира  **eduroam** од листата на понудени мрежи и се внесуваат следниве податоци.

| | |
|---|---|
| PEAP Method | PEAP |
| Phase 2 Authentication | MSCHAPV2 |
| Identity | Се внесуваат корисничките податоци во следниот формат: CAS корисничко име [CASuserID@finki.ukim.mk](mailto:CASuserID@finki.ukim.mk) (пр. nekoj@finki.ukim.mk) |
| Anonymous Identity | anonymous@finki.ukim.mk |
| Wireless Password | Лозинката за најава на CAS |




